НАГРАДНА ИГРА



# Отворено седиште на Секретаријатот на здравствена мрежа на земјите од ЈИЕ

**МАКЕДОНИЈА** | 07.03.2013 14:48

Share 0 Like 0 Tweet 0 +1 0




Секретаријатот на здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ отвори седиште во Скопје. Здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ е регионална иницијатива која постои веќе 10 години, како активен учесник во глобалните здравствени текови и претставува заедничка иницијатива на министрите за здравство на Хрватска, Албанија, Босна и Хецеговина, Молдавија, Романија, Србија, Црна Гора и Македонија, како и на нивните партнери: Совет на Европа, СЗО - регионална канцеларија за Европа, Банката за развој на Советот на Европа, Европска унија (во својство на опсервер), Белгија, Норвешка, Швајцарија, Словенија, Велика Британија, Грција, Италија, Франција, Унгарија, Шведска и Израел.

- Отворањето на седиштето на Секретаријатот на здравствената мрежа на земјите од Југоисточна Европа претставува значајно меѓународно достигнување и потврда за заложбите и за добрите политики на Македонија, како една од најактивните држави- членки во мрежата – стои во соопштението од Министерството за здравство.

На отворањето на седиштето присуствуваа министерот за здравство Никола Тодоров, регионалниот директор на СЗО за Европа, Сузана Јакаб, и Горан Черкез, помошник-министер за здравство од Босна и Херцеговина, претседавач на извршниот комитет на Мрежата.

**Поврзани**

Регионалната канцеларија на СЗО во Македонија е поттик за соработка

Опасни хемикалии во кредитни картички, очила, играчки...

**Тагови**

Популарно

Секретаријат На Здравствената Мрежа На ЈИЕ

СЗО

Најчитани

**Најчитани**

1 Хакер од Липково што живее во Белгија повикува на протести на Албанците во Македонија

2 Сите пред Влада, само Бранко во лада

3 Заев со јасна порака до Црвенковски

4 Албанските партии се здружуваат против коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ

5 Демири и Исмаиловиќ може да заглават зад решетки во Косово




**Анкета**

**Што очекувате од новиот градоначалник во вашата општина?**

- Да ја асфалтира улицата
- Да уреди парк
- Почиста општина
- Изградба на водовод
- Да изгради споменик
- Да го укине зонското паркирање
- Да ми го исчисти дворот
- Очекувам чуда
- Баш ништо

Гласај

Резултати

**Република на Facebook**